ГОДИНА I
БРОЈ 2

# ВРАБОТУВАЊЕ news




## Профил:
**Стратешка одлука-осигурување на живот!**

## Тема на број:
**Менаџмент на човечки ресурси**

## Лидери:
**Ципи Ливни -Најдоброто нешто што му се случило на Израел?**

## Преземено:
**Како да преживеете рецесија**

## Огласна табла:
**Вработи се!**

# Содржина


Актуелности СТР. 4


Како да преживеете рецесија СТР. 8


Што има во CV-то на Ципи Ливни? СТР. 14

Успешна приказна СТР. 19


(Де)мотивационо писмо стр.23


Менџмент на човечки ресурси стр. 6


HR-речник стр. 11


Како да се однесувате на интервју стр. 18


Внимавај што облекуваш на работа стр. 21


Огласи за слободни работи позиции стр. 26

ВРАБОТУВАЊЕ news

**Почитувани!**

Ви благодариме за укажаната доверба и за покажаниот интерес за читање на нашиот весник "Вработување news".Се извинуваме за сите не намерно направени грешки било од техничка или од правописна природа. Но кој работи и греши па се надеваме дека веке сте ни простиле. Денеска пред вас го имате вториот број, се надеваме подобар поквалитетен и по предизвикувачки.Нашиот тим и понатаму ќе работи на тоа да квалитетните, корисните и навремените информации стигнуваат секогаш до вас драги читатели.

Се читаме во следниот број !

Redakcija na Vrabotuvawe news



# ... НАКРАТКО ... НАКРАТКО ...

## Заштитата на правата на сопственост сѐ уште предизвик за Македонија

ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

Заштитата на правата на сопственост и понатаму остануваат да бидат предизвик за Македонија. Во однос на 115 држави, Македонија завземајќи го 97-место во меѓународниот индекс за правата на сопственост, е подобро рангирана од Србија која е на 100-то место, Албанија (104), Босна и Херцеговина (108), а е зад Хрватска (60) и Бугарија која е на 59-то место. Ова го покажува извештајот за најновиот глобален Меѓународен индекс на сопственички права објавен од страна на Институт за економски стратегии и меѓународни односи – Охрид. Меѓународен индекс на сопственички права. Во меѓународната студија ,податоците покажуваат дека земјите кои ја штитат физичката и интелектуалната сопственост на своите граѓани имаат 9 пати повисок БДП по глава отколку земјите кои се рангираат најниско во заштитата на праватана сопственост.

Македонија во Меѓународниот индекс за правата завземајќи го 97-то место, е непроменето во однос на Индексот од минатата година.

## Кризата ги “воскресна“ старите занаети

Тешката економска криза најсурова после таа од 30-ите години на минатиот век ги натерала Американците да се вратат на некои веќе заборавени занаети. Па така по американските градови повторно почнале да “никнуваат“ вуланизери,чевлари и дуќани за поправка на електрични уреди. Животот на Америкаците со децении им бил едноставен и скап. Кога нешто ќе ти се расипе (без разлика дали станува збор за вистински дефект или ти падало копчето од кошулата) ,едноставно го фрлаш и купуваш ново. Меѓутоа кризата ги научила дека работите можат и-да се поправат. Сметајќи го фактот дека во САД оваа година повеќе од половина милион луѓе останаа без работа ,а се очекуваат и нови откази, продажбата на нови производи –од автомобили до куќни апарати-е во тешка криза.
Мајсторите сепак тријат раце!



## Невработените мажи поголеми “плачковци“ од невработените жени

*Статистика на UK Statistics Authority*

Мажите се наоѓаат во многу потешка ситуација кога го губат работното место, за разлика од нивните колеги жени. Иако соодносот мажи-жени, кои го изгубиле своето работно место е приближно ист, процентот од невработени мажи кои ја изгубиле “волјата“ е многу повисок, за разлика од тој кај жените. UK Statistics Authority, која го направила ова истражување, вели дека анкетата била спроведена меѓу луѓе кои не бараат работа затоа што веруваат-со право или погрешно-дека нема ништо достапно за нив. Според последниот извештај, приложен минатата недела, во кој се покажува дека бројката на невработените достигнала 2 милиони, дури 31 000 од економски неактивните мажи, во последното тримесечие од 2008 година, биле дефинирани како “обесхрабрени“ што е речиси за две третини повеќе од претходниот квартал и дури двапати повеќе од претходната година. Бројката, пак, на економски неактивните жени, покажала дека во класата “обесхрабрени“, споредено со истиот период минатата година, бројката пораснала само за 4.3%. Психолозите велат дека со оваа анкета се покажува како ментално мажите и жените го доживуваат губењето на работата. Идентитетот на мажот обично директно е поврзан со работната позиција. Голем број од мажите велат дека се чувствуваат депримирани, предадени, слаби и чувствуваат срам заради губењето на нивната работа. Искуството покажува дека најтешко им паѓа губењето на работата како систем. Од друга страна, пак, невработените жени, губењето на работното место го гледаат како можност да се посветат на себе си и на семјството, особено ако имаат деца!



## Отворена изложбата “Балканска перцепција на европскиот идентитет“



Вицепремиерот за европски прашања Ивица Боцевски и амбасадорот на Чешка во Македонија, Јозеф Браун вчера свечено ја отворија меѓународ-ната изложба на постери „Балканска перцепција на европскиот идентитет“. „Балканска перцепција на европскиот идентитет“ е изложба која ги презентира видувањата на студентите од високите ликовни школи во земјите од Балканот за современа Европа и за перспективите на нивната евроинтеграција. Оваа изложба беше свечено отворена во Галеријата на Младинскиот културен центар со почеток во 20 часот.

## 650 возила на српското “пунто“ распродадени само за два дена

Поради огромниот интерес за купување на новото возило направено во фабриката во Крагуевац “Застава 10“ кое е идентично на Фиатовото Пунто се направи список од листа за чекање. Првиот контингент од 650 возила од новиот модел, беше распродаден за само два дена, додека на листата на чекање веќе се запишале над 500 купувачи. Голем интерес за новото „пунто“, освен кај граѓаните, има и кај голем број на правни лица, а општината Крагуевац најави дека ќе купи 50 возила за своите потреби. Според директорот на „Застава“, Зоран Радивојевиќ, проектираниот обем на производство од 400 возила месечно, ќе биде двојно зголемен, поради големата побарувачка.

## Доаѓа ли HP во Македонија?

hp invent

Најголемиот светски производител на компјутери „Хјулит Пакард“ (ХП) ќе гради фабрика за десктоп компјутери во Турција вредна 60 милиони долари.ХП го одбрал градот Чорлу во европскиот дел на Турција како локација за новата фабрика во која треба да се произведуваат 200 илјади десктоп компјутери, Фабриката која треба да се изгради за 18 месеци ќе обезбеди работа за две илјади луѓе, а претставниците на ХП биле привлечени од турските субвенции, логистика и пазарот во експанзија.Оптимистички но министерот за странски инвестиции Веле Самак наведува дека во игра е и Македонија.“Македонија дури и во денешнава голема криза е ретка атрактивна земја за инвестиции, која ХП ја смета за конкурентна за други тековни проекти, за лап-топи, сервери и центри за поправка на опрема“, вели Самак, додавајќи дека Македонија е за дури 40 насто поевтина од Турција.



# МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## Ново третирање на човекот како носител на работата

Секојдневно слушате за пазар на труд, менаџмет на човечки ресурси,

HR агенции, селекции на кандидати, ефикасно управување со човечките ресурси....Но сѐ уште не сте точно запознаени со тоа што всушност се HR агенциите и што сѐ спаѓа во нивиот домен на дејности. Всушност, кога прв пат се појавил ваквиот вид на менаџмет и дали тоа е некој иновативен пронајдок на новото време?

Многу хуманистички ориентирани критичари на современите трендови и глобализацијата, истакнуваат дека постои подлабока смисла на самиот назив на оваа гранка на менаџмент, која отсликува едно специфично, ново третирање на човекот како носител на работата. Факт е дека по прв пат луѓето, професионалци и стручњаци, од различни области ја нарекуваат ресурс – суровината која се употребува во процесот на производство. Не може да се замисли работата во која било компанија без одговарачките производни ресурси, а луѓето со своите способности и вкупните психофизички капацитети, претставуваат еден од тие ресурси – веројатно најважните. **Денес веќе не се поставува прашањето на усовршување на инструментите на производство – машини и алати, туку прашањето како да се зголеми ефикасноста на човекот.**

**Новост или не?**

Со прочување на историјата на психологијата на работа се доаѓа до податоци кои покажуваат дека прашањата кои денес се поставуваат и решаваат во рамки на менаџментот на човечки ресурси не се ни најмалку нови. Уште од 16 век, се појавуваат трудови кои се занимаваат со проблеми на професионална ориентација, типични болести на рудари и занаетчии, студии на заморот, проучување на движењата, природа на заморот, итн. За основач на работната психологија се смета познатиот Хуго Минстербер и неговото пиоенирско дело „Психологија и индустриска ефикасност" (1913). Оваа гранка на психологијата конечно се темели како независна дисциплина, ширејќи го полето на своите интереси на психолошките проблеми на човекот во секоја работна ситуација.



Основна цел на **работната психологија се дефинира како остварување на оптимален работен ефект – продуктивност, но низ максималното почитување на работникот и неговите задоволства, чување на неговото здравје и почитување на неговата личност. Оваа цел се остварува низ 2 комплементарни процеса – пргилагодување на човекот со работата (индустијализација на човекот) и прилагодување на човекот со работата (хуманизирање на работата).**

**Основни задачи на менаџментот со човечки ресурси**

Една од основните задачи на менаџментот на човечките ресурси е селекцијата на кандидати за одредено работно место. На денешниот пазар на работна сила, пронаоѓањето на вистинската личност е вистински предизвик со кој се соочува секоја организација. Во поголемиот број на компании, како дел од процесот на вработување, се подразбира и вклучување на стручни лица кои се специјалсти за психолошката проценка на кандидатот. Некои компании се определуваат за организирање на сопствени одделенија за човечки ресурси, кои имаат еден или повеќе стручни лица задолжени токму за селекцијата на кандидатите (recruitment specialist). Други користат услуги од специјализирани HR агенции, кои целиот процес на примање на нов вработен го преземаат на себе, од смислување на прикладен оглас за конкурс, преку детална проценка (assesment) на сите кандидати кои ќе се јават на истиот. Конечната одлука, секако, и понатаму лежи во рацете на раководителите на компанијата. Она што подразбира еден конзистентен и ефективен збир на техники за проценка, се психолошките инструменти за проценка на способноста и интелегенцијата, како и тестовите кои ја разоткриваат личноста на кандидатот. На секоја селекција и претходи детална анализа на работното место, врз чија основа се утврдуваат посакуваните особини и компетенции кои му се потребни на кандидатот. Оваа анализа не се сведува само на утврдување на стручните квалификации, туку се бара профилот на личност која одговара-идеален кандидат, кој подразбира збир на однесувања, способност за мислење, лични особини, интересирања и интереси.

**Психолошки фактор**

Ефикасното управување со човечките ресурси бара теоретски знаења, како и специфични методи и стратегии како би се искористил целиот човечки потенцијал. Употребата и развојот на човечките ресурси, примарно е насочен на реализацијата на целите на компанијата, но е невозможно луѓето да остварат ефективност и ефикасност ако не ги земеме предвид нивните интереси. **Толку колку што луѓето се користат за остварување на целите на компанијата, толку и луѓето работата ја користат за остварување на своите интереси.** Покрај заработката, тука спаѓаат и веќе познатите други човечки мотиви-афирмација, искуство, работата сама по себе, достигнување, самореализација, социјални потреби и слично. Фактот дека задоволството на луѓето од работата и работната организација е од клучно значење за интересит на компанијата, е прифатен како императив одамна, а меѓу првите кои тоа го истакнале се психолозите Abraham Maslov и Daglas Mek Gregor, чии имиња се спомнуваат во сите варијани на теоријата и практиката на менаџментот на човечки ресурси. **Задоволен работник е продуктивен работник.**



*Разлики кај Истокот и Западот, во однос на управувањето со човечките ресурси.*
*Западната теорија се карактеризира со строго вклопување на кадрите во претходно дефинирани потреби и планови на компаниите, додека Инсточната е повеќе глобална, помалку специфично селективна, и инсистира на вработување на лица кои имаат потенцијал за понатамошно обучување и усовршување во иднина.*
*Постојат разлики и во однос на задоволство на работното место. За разлика од западните теории. Во Јапонија на пример, не се поттикнува компетитивност помеѓу вработените, ниту кога ќе се појави потреба за нов профил на знаење, не се вработува нов кадар, туку се вложува во постоеченкиот континуирано, преку целиот работен век- преку додатно образование и преквалификации. Основното мото е работникот да се чувствува заштитен и да ги прифаќа целите на компанијата како свои лични, што компанијата го возвраќа на ист начин.*

# КАКО ДА ПРЕЖИВЕЕТЕ РЕЦЕСИЈА?

## Секогаш постои можност за оние што сакаат да ја пронајдат!

*Шансата во добрите времиња е одржување на континуитетот во нормала и се заработува со тоа што нештата се одржуваат во нормала. Во лошите времиња, шансата се гледа во напуштање на нештата кои веќе не функционираат и барање на нови нешта кои ќе функционираат, а се базираат на нови идеи.*

Тајната во преживувањето на рецесијата лежи во препозавање на шансата.. Првиот чекор во препознавањето на шансата е да знаете и да верувате дека секогаш ќе постои можност за тие што бараат излез и што продолжуваат понатаму. Без разлика на тоа колку лошо изгледа економијата , луѓето сѐ уште купуваат и продаваат. Луѓето сѐ уште имаат потреби, а бизнисите- продукти кои треба да одговорат на тие потреби. Кога економијата оди во надолна линија, како и да е, постои поголем страв, а заедно со тоа се добива една перцепција дека светот може во целост да престане да функционира. Но, тоа е една голема небулоза. Дури и во Големата рецесија од 1930г. светот продолжи да функционира и дури 75% од вработените Американци си ја задржаа својата работа. Некои од луѓето, дури излегоа и поцврсти после Големата рецесија, затоа што успеаа да ја препознаат и да ја искористат шансата.



*Еден од најдобрите примери за успех, за време на Големата рецесија, е индустријата на подвижни слики т.е филмската индустрија. Луѓето биле толку многу депремирани и разочарани така што им било потребно емоционално олеснување и место каде што можат да избегаат од секојдневието. Филмовите го овозможувале токму тоа олеснување без разлика на нивната должина и фреквенцијата на нивното прикажување. Филмската идустрија ја идентификувала оваа потреба на луѓето и им ја понудиле во цена која тие можеле да ја платат. Во секој случај,*
*можноста постои, можеби понекогаш е тешко да се препознае во одреден момент, но тоа е затоа што се наоѓа во поинаква форма.*

Во добрите времиња, шансата доаѓа во форма која бара де се работи и да се добие повеќе од тоа што веќе постои.

Шансата во добрите времиња е одржување на континуитетот во нормала и да се заработува со тоа што нештата ќе се одржуваат во нормала. Во лошите времиња, шансата се гледа во напуштање на нештата кои веќе не функционираат и барање на нови нешта кои ќе функционираат, а се базираат на нови идеи. Рецесијата како таква е одлична можност за тие што одбрале да ја гледаат на таков начин. Шансите можат да изгледаат различно и да не натераат да излеземе од рамката на нашите комфорни зони. Токму сега се наоѓаме под вистински стрес кој е предизвикан од лошата економска ситуација-стресот на промена и напуштање на нашата комфорна зона.

Понекогаш тоа значи да се тргне по нов пат.

Понекогаш тргнувањето по нов пат ве води во сосема спротивна насока од таа која сте си ја замислиле, но со позитивни консеквенции. Еве ви еден одличен пример:

Во 1927 година, една млада брачна двојка почнала бизнис со продажба на хот-дог и безалкохолни пијалаци наречен " The Hot Shoppe" или Топло дуќанче. Продавале многу години со успех, но вистинската шанса ја пронашле за време на градењето на патиштата низ Америка. Отвориле мотел за преспивање на патници. Ова им




овозможило на J. Willard и Alice Marriott да ги изградат едни од најпознатите ланци во САД. Во 2007 The Marriott Corporation можела да се пофали со над 50 000 резервации на ден.

Ако видиш дека нешто треба да се направи и ако ти ја имаш можноста тоа да го сториш, не дозволувај некој друг да ја види таа можност. Собери храброст и стисни го копчето. Ако ти си *првата личност* која видела дека тоа треба да се направи, најверојатно ти си и *најдобрата личност* која треба да го направи тоа. Тоа е акција која треба да ја преземеш, штом ќе ти се даде првата можност. Но што е тоа што ни помага да ја препознаеме шансата?

## ИЗЛЕЗЕТЕ ОД ЗОНАТА НА КОМФОРОТ!

Луѓето кои имат проблем да ја препознаат шансата, најчесто се истите тие луѓе кои не сакаат да излезат до своите зони на комфорт. Што е зона на комфорт? **Зоната на комфорт, претставува ментална состојба во која луѓето го губат чувството за напредок затоа што веќе прифатиле дека местото каде што се наоѓаат е најдоброто нешто што можат и единственото нешто што им треба.**

Препознавањето и зграпчувањето на шансата секогаш бара стратешка промена, а по природа стратешката промена ја вознемирува зоната на комфорот. Затоа, промената е толку голема работа за луѓето што е тешко и да ја спроведат. Болката која ја следи промента може да биде финансиска, психичка или емоционална, но без разлика на видот на нелагодноста предизвикана од промената, рецесијата и тешката економска криза бараат да ги игнорирате сите овие нелагодности доколку сакате да останете компетитивни и ефективни.

Зоните на комфорот се наречени така затоа што се удобни. Единственото нешто што е потребно за да останете во комфорната зона е комплетно да се затворите за нови идеи и за промени. Во сите овие години, научив дека ништо не е толку иновативно и толку креативно за да ве извади надвор од комфорот, отколку идејата комфорот го направите уште поудобен. Комфорната зона влијае на сите нас. Кога луѓето од организацијата стануваат премногу комфорни, тоа значи дека ја изгубиле визијата за да напредуваат. Зошто? Затоа што го прифатиле фактот дека таму каде што се наоѓаат во моментот е најдоброто место каде што можат да бидат и најдоброто нешто што можат да го направат. Рецесијата и тешките времиња бараат други одговорности.

*Значи, како да ја преживеете рецесијата!?*

**Прво, ментално подгответе се немилосрдно да ја пронајдете новата можност.**

Немојте да се затворате за новите идеи и промени и да станете експерт за тоа што луѓето сакаат и тоа што им е потребно. Во рецесијата, луѓето можеби ќе сакаат нешто поразлично и ќе треба да постојат некои кои ќе им одговорат на тие барања. Второ, читајте многу книги, списнија весници во кои можеби ќе бидат прикажани новите потреби, кои треба да ги задоволат вашите продукти или услуги. Најверојатно ќе заклучите дека на луѓето сѐ уште им се потребни вашите продукт, но имаат потреба да ги видат поинаку, затоа можеби ќе треба да изберете нов начин на презентирање.

Ова ќе ве донесе до крајниот одговор на загатката за преживување на рецесијата.

Разбирањето на нивните најдлабоки потреби е клучот за развивање на вредноста која треба да ја понудите. Зборувајте со корисниците и со вашите потенцијални корисници. **Откријте ги нивните проблеми и нивните очекувања и така ќе ги откриете вашите можности!**

ПРЕЗЕМЕНО

# ВЕЛИКАНИ РОДЕНИ ЗА ВРЕМЕ НА ГОЛЕМИ КРИЗИ!

## IBM

Овој компјутерски џин израснал за време на Големата рецесија помеѓу 1837 и 1896г.а настанал со спојување на три компании кои поединечно се занимавале со развој на компјутерската технологија. Компанијата постигнала значаен пробив на пазрот за време на 60-ите години на минтиот век и од тогаш е една од најзначајните корпорации во развојот на новите технологии.

## Procter & Gamble

Компанијата ја основале William Procter – производувач на свеќи и James Gamble производувач на сапун, во времето на големата финансиска криза во САД во 1837.Оваа компанија важи за титан во тешки времиња.- прекар кои го добиле благодарејќи на фактот што ниту една криза сериозно не ги погодува. Доволен показател за тоа е и приходот од 12,1 милиарда долари во текот на 2008 година.

## General Motors

GM е основан во 1907. г.и пребродувајќи ги успешно сите досегашни кризи стана гордост на американското стопанство. Но големиот пораст на цената на нафтата и значајниот пад на продажбата на автомобилите во 2008 г, ја доведоа компанијата до големи губитоци. Па така челниците на GM заедно со Ford и Chrysler кон крајот на минатат година побарале од американската влада 34 милијарди долари за санација на проиводството.

## General Electric

Оваа американска компанија настанала во текот на големата економска криза кон крајот на 19 век.и со тек на време израснала во гигант во производство на електрични уреди. Еден од основачите на оваа компанија бил и Томас Едисон благодарение на кого оваа корпорација станала позната. Годишниот приход во 2008 година им изнесувал цели 183 милијарди долари,но ги погодила и кризата.Па така на крајот на минатат година заработувачката им паднала за 19 отсто .

## FedEx

Оваа фирма се родила во 1973г. во времето на нафтената криза. Ја создал Frederick W. Smith со намера да сите важни документи стигнат до својата дестинација најкасно за два дена. Компанијата станува профитабилна дури после две години.Денешната ситуација со нафтената криза за нив е своевиден deja-vu.А во 2008 вкупниот годишен промет им се смалил за 2 отсто.

ПРЕЗЕМЕНО







**ВРАБОТУВАЊЕ** – (англиски – Employment) е договорен однос помеѓу вработениот и работодавачот.

Може да биде дефиниран на неколку начини врз основа на:

*Договор за работа на неопределено време* (англиски – Permanent Labour Contract)
*Договор за работа на определено време* (англиски – Fixed Term Labour Contract)
*Договор за работа со полно работно време* (англиски – Full Time Labour Contract
*Договор за работа со скратено време* (англиски – Part-Time Labour Contract)

Во законодавството на повеќето европски држави, договорниот однос помеѓу вработениот и работодавачот е регулиран со правна норма од Законот за работни односи за разлика од САД, каде што се третира како секој друг обврзувачки однос.
Причината за различниот пристап е тоа што во повеќето делови на Европа вработениот се смета за послаба страна во Договорот за работа, додека во САД тоа не е случај.

**ОДГОВОРНОСТ** – (англиски-Responsibility), е изрз кој означува два сродни поима:

1. Обврска на поединецот да се јави на повикот за некоја акција која доаѓа од претпоставено лице; и
2. Свест на поединецот да во одредена ситуација дејствува на одреден начин, да не чека повик за дејство или да не очекува дека друг место него ќе дејствува на таков начин - во тој случај одговорноста е слична со самоиницијативноста!

# ПОГОЛЕМ БРОЈ ОД НЕВРАБОТЕНИТЕ СЕ ЖЕНИ!

Базата на Вработување .ком.покажа дека поголемиот број од невработените во Македонија кои бараат работа преку оваа агенција се припаднички на понежниот пол.



# МОЈОТ НАЈГОЛЕМ ДЕЛОВЕН УСПЕХ

Секоја работа со себе носи одредени предизвици,искушенија,напорни акции,,борба за напредување изнаоѓање на решенија дури и тогаш кога тоа изгледа невозможно. Во целата оваа трка да се издржи да се успее и од целата ситуација да се излезе по сигурен по силен и по успешен, остануваат само нај добрите.Дел од нив одговараа на прашањата: Кој е нивниот најголем успех, како стигале до таму и што научиле од сето тоа?



MENS LEGIS
first law firm in Macedonia

## ЉУБИЦА РУБЕН

**Управител и партнер**

Во 2008 година, успешното перфектно правно купување на земјиштето “Алумина“ во Скопје, во корист на клиентот Газит Глоуб од Израел преку ќерката - фирма Г-МАКЕДОНИЈА АД Скопје. Најмногу реално платени пари - 19,000,000.00 Евра за купување на најатрактивната локација во Република Македонија. Исплатени сите обезбедени доверители, исплатени придонеси на сите поранешни вработени од 2000 година, 450 семејства со обезбедена егзистенција.

Проектот треба да се финишира со изградба на деловен комплекс по светски стандарди кој ќе биде украс во градот, за чија реализација ќе се инвестираат повеќе од 100 милиони Евра.

Но овој успех не си го пипишувам само себе и мислам дека се должи на одличниот тим од млади посветени правници.После сево ова научив дека нема пречка која не може да се надмине; дека упорноста и посветеноста во изнаоѓање на решенија како и континуираната едукација на целиот тим е клучот за сигурен успех; дека клиентите со меѓународно искуство даваат простор за реализација на перфектно правни проекти и тоа знаат да го наградат.

Но пред се дека довербата што ја даваат, дава сила да се искажеш со целата професионалност која те прави навистина независна, односно успешен професионалец.

## ВЛАДИМИР МАТЕВСКИ

За мој најголем деловен успех ја сметам добиената доверба да се предводи водечката деловна мрежа сочинета од компании кои претставуваат движечка сила во развојот на македонската економија.

А до таму стигнав одејќи по трнлив пат,составен од упорност, посветеност и фокусираност кон целта.И после се , научив дека-не постои магична формула за стигнување до целта , тајната е во синергијата на тимот насочен кон остварување на целите.

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

## ФИЛИП ВИДОВИЌ

Мојот најголем деловен успех беше потпишувањето на договорот за дистрибуција со CANON во 1996 година за Единствен Овластен дистирибутер на CANON во Македонија, како македонска компанија.

Сето ова се случи благодарение на мојата истрајност и упорност во контактите со CANON EAST EUROPE во тоа време повеќе од 2 години, иако препораката од страна на CANON беше да не купуваме директно затоа што Македонија е мал пазар и не е приоритетна за нив (во тоа време се развиваше дистрибуцијата најмногу во Словенија и Хрватска) и да соработуваме со некој дистрибутер од овие Републики како што работеше нашата локална конкуренција.

А што научив од ова?Научив дека ништо не е невозможно, само е потребно да се верува во своите способности и да се сака да се постигне целта, и секако дека упорноста се исплати.!



Genel






## CURRICULUM VITAE

### Personal information

| | |
|---|---|
| Birth name | **Tzipora Malka Livni (Tzipi Livni), Hebrew: ציפורה מלכה "ציפי" לבני** |
| Born | July 8th ,1958 (age 50) Tel Aviv, Israel (1961-08-04) |
| Residence | Tel Aviv, Israel |
| Contact | Telephone: 02-6753285 Fax: 02-6753792<br>Email: zlivni@knesset.gov.il |
| Nationality | Israeli |
| Religion | Jewish (a mainly secular Jewish) |
| Marige status | Married (1984) to Naftali Spitzer, an advertising execute, two children: Omri (21) and Yuval (18) |
| Military Service | Lieutenant |
| Additional Information | ▪ In 2004, she received the Champion of Good Government Award<br>▪ vegetarian since 12 years<br>▪ Former Sportswoman<br>▪ Likes to listen Israeli, Jazz and East music on a mp3-player<br>▪ Likes to read thriller books |
| Proffesion | Attorney |

### Work experience

| | |
|---|---|
| • Dates | 1980-1984 |
| * Name and address of employer | MOSSAD - The Institute for Intelligence and Special Operations (State of Israel) |
| • Main activities and responsibilities | ▪ Operation Bayonet,<br>▪ 1982 Lebanon War |
| • Dates | 1986 - 1996 |
| * Name and address of employer | *Livni and Associates* |
| • Main activities and responsibilities | Founded and ran law practice, concentrating in the fields of commercial law, property law, building law, and public law. |
| • Dates | 1996 - 1999 |
| * Name and address of employer | Government Companies Authority (GCA) |
| • Main activities and responsibilities | General Manager, orchestrated the privatization of governmental companies. |
| • Dates | 07.06.1999 - 17.02.2003 |

| | |
|---|---|
| * Name and address of employer | KNESSET 15th, Givat Ram, Jerusalem |
| • Type of business or sector | The Assembly, the legislature of Israel<br>Parties: Likud party |
| • Main activities and responsibilities | ▪ Member, Constitution, Law and Justice Committee Member, and Committee on the Status of Women<br>▪ Minister of Regional Cooperation, Until 29/08/2001<br>▪ Minister without portfolio, From 29/08/2001 Until 17/12/2002<br>▪ Minister of Agriculture and Rural Development, From 17/12/2002 |
| • Dates | 17.02.2003 - 17.04.2006 |
| * Name and address of employer | KNESSET 16th, Givat Ram, Jerusalem |
| • Type of business or sector | The Assembly, the legislature of Israel<br>Parties: Likud, Achrayut Leumit, Kadima |
| • Main activities and responsibilities | ▪ Minister of Immigrant Absorption<br>▪ Acting Minister of Housing and Construction, From 04/07/2004 Until 31/08/2004<br>▪ Minister of Housing and Construction, From 31/08/2004 Until 10/01/2005<br>▪ Acting Minister of Justice, From 05/12/2004 Until 10/01/2005<br>▪ Minister of Justice, From 10/01/2005<br>▪ Minister of Foreign Affairs, From 18/01/2006 |
| • Dates | 17.04.2006 - |
| * Name and address of employer | KNESSET 17th, Givat Ram, Jerusalem |
| • Type of business or sector | The Assembly, the legislature of Israel<br>Parties: Kadima |
| • Main activities and responsibilities | ▪ Acting Prime Minister<br>▪ Minister of Foreign Affairs<br>▪ Minister of Justice, From 29/11/2006 Until 07/02/2007 |

## Education and Training

| | |
|---|---|
| • Dates | 1979 - 1984 |
| • Name and type of institution | L.L.B. at Bar Ilan University Ramat Gan, Israel, Laywer |

## Politic experience

| | |
|---|---|
| • Dates | 1996 - 2005<br>Member of Likud political party |
| • Dates | 2005 -<br>Member of Kadima political party |
| • Dates | 2008 -<br>President of Kadima political party |

## Personal skills and competences

| | | |
|---|---|---|
| Mother language | **Hebrew** | |
| Other languages | **English** | **French** |







Ципи Ливни е вториот политичар кој го раздрма светот веднаш по појавувањето на Барак Обама. Препознатлива по своите изјави за мирољубиво решавање на конфликтот со Палестина, таа стана жена за која со почит зборува целиот свет, освен нормално нејзините политички опоненти кои на секаков начин се трудат да ги ослабат нејзините позиции. Според *Forbs,* на листата на најмоќни жени на светот, Ливни се наоѓа на 52 место, таа има чин поручник во изрелската воска и како и поголемиот број на еминентни политичари во Тел Авив, во својата биографија го впишува и припадништвото кон Мосад - семоќната Израелска служба, која во осумдесеттите години ја ангажирала на задачи во Париз каде што имала и постојан престој. Дипломирала право на Универзитетот Бар Илан, а со адвокатура се занимавала околку десеттина година и тоа во областите на јавно и трговско право. Мажена е со Нафталиј Спицер и има два сина...

Иако многумина сакаа да ја споредат со Хилари Клинтон, таа во ниту еден момент на својата кампања не се трудеше да го нагласи фактот дека е жена, па затоа би требала да биде изгласана ниту, пак, е сопруга на една од "најсаканите" индивидуи во светот. За разлика од Хилари, Ливни ја доби довербата и наспроти тоа што е жена и наспроти фактот што нејзиниот сопруг сака да остане настрана од светлата на блицот. Сега во сите комични стрипови во Израел се зборува за господинот Ципи Ливни и за Госпоѓата Претседател. Нејзината сегашна позиција е министер за надворешни работи и таа ја продолжува традицијата на Голда Маер, единствената шефица на дипломатијата во историјата на Изрел. Сè уште е неизвесно дали таа ке биде и првата премиерка на Израел, но факт е дека не само што е ова прв пат жена да биде избрана за водач на најголемата партија во оваа земја, туку тоа е и најдобриот избор што воопшто им се случил до сега.

# КАКО ДА СЕ ОДНЕСУВАТЕ НА ИНТЕРВЈУ ЗА РАБОТА

## Зборувајте разбирливо не навлегувајте во непотребни детали и бидете тоа што сте!



***Бавно или брзо зборување?***

Ако вашиот соговорник неможе да се концентрира на она што го зборувате затоа што зборувате премногу брзо, сигурно ќе оставите лош впечаток, и вашиот соговорник нема да го чуе тоа што сакате да го кажете. На тој начин вашио потенцијален работодавец нема да може да обрне внимание на некои важни поединости. Исто така, бавниот говор многу лесно може да предизвика досада, а со самото тоа и понатамошна незаинтересираност за она што имате да го кажете. На прашањата кои ќе ви ги постави работодавецот одговарајте кратко- до две минути.

***Негативни коментари за условите за работа.***

Работодавецот има право во согласност со законодавството самиот да го одредува работното време, прекувремената работа, начинот на стимулација, бројот на деновите за одмор, и секако, висината на вашата плата. Дали вие ќе ги прифатите тие услови или не, зависи од вас, но имајте на ум дека шансите за избор драматично се смалуваат со нетактични коментари.

***Потенцирање на приватните контакти.***

Сигурно е дека олеснувачка и позитивна околност е ако вие како кандидат за комерцијалист на терен имате контакти по продажните објекти или ако сте кандидат за секретар, а имате пријатели во надлежните институции. Меѓутоа, не е препорачливо во секојдневните ситуации да ги потенцирате приватните контакти, затоа што вашиот испитувач со право ќе се запраша дали вие би се снашле во комуникацијата со за вас непознати екстерни клиенти.

***Рамнодушности или нематливост.***

Одредената доза на самоувереност и сигурен пристап секако се препорачуваат, но ако се представите наметливо, тоа може да влијат негативно на целокупната слика за вас. Од друга страна, доколку сте потполно рамнодушни, вашиот соговорник или испитувач ќе смета дека не сте премногу заинтересирани за работата. Пробајте да ја пронајдете вистинската доза и да покажете дека сте мотивирани за работа.

***Напнатост.***

Напнатоста во рекот на разговорот укажува на тоа дека сте неподготвени или дека имате трема. Вашиот иден работодавец мора да увиди дека сте добри! Одвојте си време однапред половина час за да се припремите за разговор. Нема причина да бидете претерано нервозни, затоа што разговорот за работа може да биде пријатно искуство ако му пристапите како на можност која ви е дадена за да покажете што знаете и умеете.

***Нефокусираност, непотребни дигресии.***

Непотребно е да навлегувате во неважни детали, на тој начин вашиот испитувач може да стекне лош впечаток за вашите презентерски способности и одвојувањето на важното од неважното. Имајте во предвид дека времето на испитувачот е ограничено. *За крај не заборавајте!Секогаш доаѓајте облечени во уредна и пристојна облека бидете искрени ,и запамтете дека најмала можност за грешка постои ако бидете тоа што сте-само на тој начин ќе најдете работно место каде што ќе ве ценат и почитуваат и вас и вашиот професионален ангажман.*





# УСПЕШНА ПРИКАЗНА

## Осигурувањето на живот - стратешка одлука за секој човек!

Животното осигурување Ви овозможува по пат на планско вложување на средства да ја обезбедите како сопствената така и иднината на своите најблиски.

Првата компанија во Македонија која е специјализирана за осигурување на живот е КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ , присутна на нашиот пазар од 2005 година. Искуството кумулирано низ нејзината 120 годишна историја се гаранција за квалитетот на услугите кои ги нуди на своите клиенти. Интервјуто со директорот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ ги дава одговорите на најчесто поставуваваните прашање во врска со осигурувањето на живот, отсуството на традиција кај нашиот народ за осигурување на животот но наспроти тоа и постоењето на нови трендови како што во последно време како доста атрактивно се наметнува осигурувањето на менаџерите согласно работната позиција!

*Во понудата на Кроациа постојат четири пакети на осигурување на живот:*
*Индивидуално осигурување на Живот;*
*Взаемно (заедничко) осигурување на Живот на две лица (една полиса – две лица);*
*Колективно осигурување на Живот на вработените во претпријатијата (за 10 и повеќе вработени – една полиса) и*
*Детско штедно осигурување*

- Основната цел на Осигурувањето живот е да ја заштити економската вредност на човечкиот живот, земајќи ги во предвид потребите на лицата зависни од осигуреното лице. Иако кај нас сеуште не е доволно развиена свесноста за значењето на животното осигурување - вели Извршниот Директор **Владимир Поповски.**

Статистички гледано во нивното портфолио на осигуреници доминира повисоката средна класа на граѓани, иако нивните очекувања согласно стратегијата за трајно промовирање и развивање на свеста за потребата од животно осигурување е во насока, македонските граѓани кои се во можност да издвојуваат од своите примања во корист на осигурување на својот живот. “Она што треба да се потенцира е дека вложувањето во осигурување на живот е стратешка одлука за секој човек. Ако било кој финансиски зависи од Вас, речиси е сигурно дека Ви треба животно осигурување.

Покрај економската заштита во случај на несреќа во семејството, осигурувањето нуди и истовремено штедење за мирна старост“ - заклучува **Поповски**.

**Како ја заврши КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ 2008 година, колкава е полисираната премија?**

**- Годината што измина беше најуспешна година за Компанијата од нејзиното постоење. Бруто полисираната премија која ја реализиравме во 2008 година е за 85% поголема од премијата во 2007 година, што за нас како релативно млада Компанија со четиригодишно постоење на македонскиот осигурителен пазар е исклучителен успех но и добар показател дека животното осигурување во Р. Македонија доживува подем.**

*1. Македонија е убедливо на последно место според животното осигурување од сите поранешни ЈУ републики. На што се должи ова? Дали недоволната понуда, нискиот стандард, или комбинација од фактори?*

-Констатацијата Ви е точна, Македонија е на последно место во животното осигурување во регионот. Иако најголем дел од бруто полисираната премија за животното осигурување во светски рамки отпаѓа на Европа со високи 39%, Балканскиот регион далеку заостанува зад овој просек. Исклучок е Република Хрватска која изминатите години со ред регулативи поттикнати од Државата особено од финансискиот сектор направи значителни резултати во полето на животно осигурување, и денеска го зазема 54-то место во светот по бруто полисирана премија за животно осигурување. Само за илустрација, животното осигурување во оваа земја зазема повеке од ¼ од вкупно уплатената премија по сите видови на осигурување. Ситуацијата е поинаква кога податоците ќе се анализираат од аспект на уделот

на животното осигурување во бруто националниот приход: Република Словенија како водечка земја во регионот по бруто национален приход по жител, далеку над просекот на останатите земји од поранешните југословенски простори, забележува 5,8% удел на премијата на животното осигурување во бруто националниот доход. Во Р. Хрватска овој удел е 3,3%, во БиХ 2,3%, во Србија 2,2% додека во Р. Македонија само 1,8%.

Нискиот удел во Р. Македонија не би се сложил дека е резултат на недоволната понуда туку пред се на економските фактори и ниската осигурителна култура. Понудата на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ е разновидна и прилагодена на потребите и очекувањата на секој македонски граѓанин. Дополнително на ова, тимот на нашата компанија е во континуиран стремеж да обезбеди повисоко ниво на квалитетни услуги при понудата на нашите производи што резултира со развивање на најдобри осигурителни производи, антиципирајќи ги потребите на пазарот.

*2. Дали имате примери кога компании им уплаќаат животно осигурување на своите менаџери како начин да ги стимулираат и задржат во фирмата? Дали законски уплатеното осигурување за вработениот се смета како зголемување на плата па треба да се платат сите давачки за тоа?*

- Ваквиот вид на осигурување беше нејчест вид во изминатата година. Голем дел од реномираните компании во земјава ги осигураа своите менаџери но и вработените пред се поради сигурноста но и како начин да се обезбеди нивната лојалност. Значајно е што уплатените средства се во целосно управување на Договорувачот на осигурувањето (Компаниите) и тие одлучуваат дали по истекот на осигурувањето средствата ќе се исплатат на вработениот што бил иницијално осигуран, ќе се назначи друго лице за корисник на осигурување во случај на доживување или пак корисник на средствата за доживување ќе биде работодавачот. Согласно законските одредби доколку како корисник за доживување се назначи работодавачот, во тој случај нема обврска за пресметување на персонален данок.

*3. Како според Вас би требало да се стимулира животното осигурување? Дали треба државата да дозволи некои даночни олеснувања и сл.?*

- Кај нас за жал засега не постои ниту една регулатива која ќе го стимулира животното осигурување. Се е оставено на свесноста на граѓанинот од потребата да го осигура својот живот и воедно да заштеди за мирна старост. Сепак западните трендови покажуваат дека овој сегмент е одлично регулиран и стимулиран од страна на државите, па нашето очекување е дека со Проевропската ориентација на нашата земја наскоро државата ќе го поттикне овој сегмент, во корист на секој македонски граѓанин. Прв чекор напред би било ослободувањето од персонален данок на сумата за доживување која се исплаќа на осигуреникот во случај кога Договорувач на осигурувањето е правно лице. Сега сме соочени со двојно персонално оданочување бидејќи во даночниот биланс не се признава како трошок туку се враќа на повторно оданочување. Чекор напред во регулативите кои ги очекуваме од Државата за поттикнување на животното осигурување одат во полза на целокупниот финансиски систем бидејќи наплатената премија од осигурување на живот како и целокупниот основачки капитал се вложуваат во Р. Македонија.

Со оглед на повеќекратната полезност и корисност на осигурувањето на живот за секој граѓанин очекувањата се дека животното осигурување поради својата исклучителната важност ќе стане дел од животот на секој човек и во брзо време Македонија ќе бележи тренд на животно осигурување препознатлив во секоја западна развиена земја.







# ВНИМАВАЈ ШТО ОБЛЕКУВАШ НА РАБОТА!

## Строго забрането- чизми до колена со мини здолништа!

*Не дека сме нешто феминистички настроени, но реално жените имаат многу поголем проблем во изборот на облеката кога одат на работа. Затоа и овој пат рубриката деловен стил, ја посветуваме на совети за женскиот пол. Совети кои ќе ви помогнат да ве гледаат како вистински професионалец, а не како сексуален објект.*



**Покријте си го телото !**

И покрај денешното залагање за сексуална еднаквост, жените сè уште се третираат како сексуални објекти. Можеби сега не е толку видливо, но таквиот начин на размислување сè уште не е сменет. Доколку на своите колеги им покажете разголен дел од вашето тело, тоа само ќе ги охрабри “мажјаците“ да почнат да фантазираат дека можеби би спиеле со вас. Тоа секако ќе го “нахрани“ вашето его, но нема да биде позитивно за вашата кариера.

**Чевлите треба да бидат удобни и чисти**

Она што ќе го облечете на нозете, е најважниот детаљ за на работа. Всушност чевлите се најважниот момент во животот на секоја жена. Е, сега чевлите за на работа секако прво треба да бидат чисти, да одговараат на облеката што ја носите, да не бидат премногу шик, но сепак модерни. Висината на потпетицата зависи од желбата на нивната сопственичка, но во секој случај гледајте таа да биде удобна и да одговара на активностите кои треба да ги правите во текот на денот. И многу важно правило. - Никако, ама баш никако, немојте да носите чизми врз фармерки или панталони или, пак, мини здолништа со чизми до колена. Тоа е шик, но не и деловен изглед.

**Носете облека во ваша големина**

Ова може ви изгледа како банална речница, ама сигурно не сакате да гледате како на вашата колешка и прелива салото од сите страни затоа што се стегнала во два броја помала сукња или, пак, градите ќе и излезат затоа што кошулата наместо XL и е M. Да, можно е да им одговара на колегите “мажјаци“, но верувајте дека на вака облечената жена, освен што може да и пукне копче од кошулата може да и пукне и срам низ целата компанија. Затоа, секогаш облекувајте го вашиот број на гардероба. Дури тогаш кога ке заслабнете дозволете си нешто потесничко:))

**Долната облека не смее да се гледа. Впрочем за тоа е и долна:))**

Тоа значи градниците никако не треба да се гледаат од деколтето на ниту, пак, проѕирната кошула да го покажува целиот чипкав дел на градник. А танга и слип гаќичките? Нека останат внатре во панталоните. Внимавајте кога се наведнувате!.Во секој случај нема да ги запрете валканите мисли на колегите, но барем нема да им дадете дополнителна причина за фантазија. Значи, кошулата новиот само ХРАБРО!

# ПРОЧИТАЈТЕ НЕШТО КОРИСНО

## Не трудете се да се направите “безгрешни“!

Taschen, Dr. Angelika (ED)

### NEW YORK STYLE




| | |
|---|---|
| формат: | Flexicover, 14 x 9.5cm |
| број на страни: | 192 стр |
| Цена: | 1070,00 ден |

**Among the skyscrapers: New York’s most fabulous dwellings**
Почнувајќи со архитектонските слики од Големото Јаболко низ минатиот век и кулминирајќи со прекрасните фотографии од градските нај боженствени и уникатни квартови,Оваа книга го покажува вистинскиот Њујорк.

Пол Арден

### НЕ Е ВАЖНО КОЛКУ СИ ДОБАР, ВАЖНО Е КОЛКУ ДОБАР САКАШ ДА БИДЕШ




| | |
|---|---|
| формат: | 11.2 x 18 |
| број на страни: | 126 стр |
| издадена: | 2008 год |
| Цена: | 280,00 ден |

**Исто како што Уметноста на војувањето од Сун Цу** повеќе се чита како лекција по бизнис стратегија отколку како лекција по војување во војничката смисла на зборот, или како што Владетелот на Макијавели, иако е напишан за владеењето, се користи како водич за менаџментот, така и оваа книга го користи креативниот процес на добро рекламирање како метафора за деловната практика.

Зиг Зиглар

### УМЕТНОСТА НА ПРОДАВАЊЕТО




| | |
|---|---|
| формат: | 11.2 x 18 |
| број на страни: | 121 стр |
| издадена: | 2007 год |
| Цена: | 250,00 ден |

Станете поуспешен професионален продавач. Мајсторот за мотивација, Зиг Зиглар, ве запознава со основните принципи на продавањето. Не мора да чекате работите да ви се случат! Сами сте способни да го направите тоа! Уметноста на продавањето ги опишува основните принципи со кои можете поефикасно, поморално и почесто да ги убедите луѓето. Исто така, ќе откриете дека на светот не постои практично ништо што би придонело во толкава мера за вашето лично задоволство како кога на друг човек ќе му заштедите пари и време и ќе му овозможите задоволство со производите и услугите што ги нудите.





# (ДЕ) МОТИВАЦИОНО ПИСМО

**Прашање:** Зошто сметате дека токму Вие треба да ја добиете оваа работа како секретарка?



**Автобиографија**

**Возач на:**
„А„ – „Б„ – „Ц„ – „Д„ – „Е„ категории со вишгодишно искуство.

**Предмет:**
Конкурирање за работно место

**Образование:**
Средно Училиште „Братство Јединцрво“ во Улцињ.

**Работни активности:**
Као раководител и професор поинформатика во центар за образование „ДЕУТСЦХ„ (DEUTSCH), Тетово, Македонија.

**Студии:**
Студент на информатика во Држабниот Университет Тетово во Тетово, Македонија

**Јазици:**
Српскохрвацки-одличен, Македонски и Англески-мн. добар, Германцки-добар.

***Одговор:*** *Затоа што сум ВКВ, имам 20 годишно искуство во правење кафе сите видови, миење филџани во поголем број, криење на шефот од тие што му досаѓаат и останување на работа дури до 17 часот.*



**Прашање:**
Дали знаете за која работна позиција аплициравте?

***Одговор:***
*Не знам, и онака мајка ми ме пријави а јас не сакам да работам.*

# Место за унапредување на вашите вештини!

*На училиште нема да научите  за лојалност, лидерство и однос со клиенти, за активното барање работа или за прекфалификација. Тоа можете да го научите само на специјализирани обуки.*

Иако постоечките -образовни институции, средни училишта и факултети, нудат широк спектар на образование, сепак нивните предавања не се доволни, дури и можеме да кажеме дека многу малку од нив се специјализирани за развивање токму на вештините кои им се потребни на идните вработени на нивнит работни места.
А тоа што го бараат работодавачите се секако посветени, лојални и вработени подготвени да вложуваат и да напредуваат заедно со компанијата.



Технологијата секојдневно оди напред, се менува односот купувач- продавач, се користат различни техники за добивање на вниманието на другата страна, се користи директна или идиректна комуникација со единствена цел, придобивање на таргетираната група.
Работодавците кои навистина сакаат да добијат лојален, доверлив тим кој ке се грижи за компанијата и за нејзиното напредување, вложуваат во нивната обука. Со тоа директно ги учат за вештините кои треба да ги поседуваат и така се сигурни  дека тоа што го вложиле во нив ќе им се врати.

Тоа се случи неодама со обуките во прилепската Пиварница. Новоотворениот Дистрибутивен центар во Скопје бараше токму таков тим. Тим кој ќе и овозможи на компанијата да напредува и да ја постигне зацртанаta цел. Таму тимот на Вработување Едукација, спроведе обуки и тоа со помош на предавачи професионалци кои долго време се во бизнисот на продажбата и кои веќе ги донеле до совршенство своите продажни техники и односите со клиентите.

*„Задоволен сум од спреведените обуки. Среќен сум и почестен што компанијата во која ќе работам вложи во моја едукација. Сметам дека обуките не само што можат да ни помогнат во секојдневни контакти со нашите  клиенти , консументи, секако и конкуренти туку обукиве се корисни и  за создавање на високоетички вредности , во секој домен од нашето живеење и опкружување , без разлика дали тоа се однесува на професионален или на приватен план". –Изјави Сашо Блажевски- опертивен менаџер во Прилепска Пиварница.*

Во портфолиото на Вработување Едукација, можат да се сретнат и обуките за прекфалификација на вработени. Спроведени со цел да им се помогне на луѓе кои веќе не се наоѓаат на старите работни места и имаат потреба од поседување на нови вештини. Многубројни се и обуките кои ги спроведоа во образовните институции, а една од нив е и Обуката  за модернизација на образованието под покровителство на Светската Банка. Спроведена е во текот на  2008 -та година,  по склучениот договор со Министерството за образование, за дизајнирање и спроведување на обуки и програми за модернизација на образованието.



Сите овие обуки и деаат право на Вработување Едукација која е дел од брендот Вработување .Ком да се нарече образовна институција, која е длабоко посветена на обезбедување на висок квалитет во обучувањето и континуираната едукација. Институцијава се стреми кон создавање на единствен центар за обука кој ќе нуди широк спектар на функционални тренинг програми наменети за различните потреби на клиентите. А клиентите? Нив ги има од сите профили и сите бранши сите големини. Невладини и владини организации, компании и установи. Со сите нив, тимот на Едукација претходно се договара и заеднички се прави избор на потребните обуки, создавањето на програмата, начинот на нејзиното спроведување како и изборот на предавачите.

**Цел:**

Вработување Едукација има за цел да го создаде најголемиот тренинг центар во Македонија кој ќе биде фокусиран во унапредување на вештините, способностите и професионалните знаења преку поставување на нови стандарди во процесот на едукацијата и обучувањето.

**Мисија:**

Преку изнаоѓање оптимални решенија и менаџмент техники во обучувачкиот процес, но и со воведување на истражувачки и аналитички активности, Вработување Едукација во иднина ќе биде една од водечките компании во Македонија во својата област.




КОИ СЕ ...?

# ОГЛАСИ



**Фирма: КРАШКОМЕРЦ дооел**
**Град: Скопје**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

КРАШКОМЕРЦ дооел Скопје објавува оглас за вработување на Возач-Комерцијалист (м/ж) - повеќе извршители за следните градови: Скопје, Тетово, Охрид, Битола, Прилеп, Струмица, Штип, Велес и Куманово.
Заинтересираните можат да аплицираат пријава и CV на адреса: КРАШКОМЕРЦ дооел Скопје (со назнака „за конкурс"-работно место возач-комерцијалист") 1000 Скопје, Даме Груев бр. 3 или на e-mail: kras_direkcija@t-home.mk најкасно до 06.03.2009год.

**Фирма: Алма – М ДОО**
**Град: Скопје**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

Алма – М ДОО Скопје како ексклузивен дистрибутер на Nestle, Wrigly`s и T-mobile програмата има потреба од регрутирање на млади, амбициозни и мотивирани лица за реон Скопје, Гостивар, Тетово, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Штип, и Куманово за работно место- КОМЕРЦИЈАЛИСТИ.
Адреса за аплицирање: ул. Перо Наков бб 1000 Скопје или на
e-mail: ristomitrev@alma-m.com.mk
Огласот трае до 28.02.2009год.

**Фирма:** KNAUF d.o.o.e.l
**Град: Скопје**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

KNAUF d.o.o.e.l вработува СОВЕТНИК ЗА ТЕХНИЧКИ ПРАШАЊА.
Адреса за аплицирање: Бул. Александар Македонски б.б., 1000 Скопје
Огласот трае до 07.03.2009год.

**Фирма: Ф-ка „Карпош" АД**
**Град: Скопје**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

Ф-ка „Карпош" АД Скопје објавува оглас за вработување на: Двајца возачи – ракувачи на градежни машини и виљушкари и Еден Автомеханичар ВКВ/КВ.
Информации на тел: 02/ 2032 – 082 лок. 10 или во седиштето на друштвото на ул. Пролетерска бр.28 Скопје.
Огласот трае до 01.03.2009год.

**Фирма: „МЛАДИНСКА КНИГА"**
**Град: Скопје**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

Друштвото за издаваштво, трговија и услуги „МЛАДИНСКА КНИГА" од Скопје има потреба од кандидати на работното место 10 ЗАСТАПНИЦИ – КОМЕРЦИЈАЛИСТИ.
Во рок од 10 дена во терминот од 08:00 до 15:00 часот (во работни денови) јавете се на тел.: 070/ 328 – 706

**Фирма:** Теленик МК
**Град: Скопје**
**Објавен:** 21/22.02.2009, **Дневник**

Теленик МК Скопје итно има потреба од Искусен преведувач на германски јазик.
Заинтересираните кандидати да ја испаратат својата биографија и контакт телефон на следната e-mail адреса: kfilipovska@m-teh.com.mk или на тел. 02/ 3073 – 430

**Фирма: Mc Donald`s**
**Град: Тетово**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

Вработи се во Mc Donald`s во Тетово.
Вашето резиме можете да го испратите на адреса tetovokontakt@mcd.com.mk
IT`S NOT A JOB, IT`S A CAREER

**Фирма: КАМ дооел**
**Град: Скопје**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

КАМ МАРКЕТ вработува РАКОВОДИТЕЛ НА МАРКЕТ и КАСИЕРИ (за регион Ресен).
Доколку сте заинтересирани аплицирајте:
Доставете писмо за интерес и кратка биографија на македонски јазик на e-mail personal@kam.com.mk или на адреса: КАМ дооел, ул. Индустриска бб (товарна) 1000 Скопје до 02.03.2009г.

**Фирма: BIOTEK Solutions**
**Град: Скопје**
**Објавен: 21/22.02.2009, Дневник**

BIOTEK Solutions објавува конкурс за:
Сметководител.
Вашето CV доставете го на e-mail:
biotek@on.net.mk

**Фирма: СТАТЕР БАНКА АД**
**Град: Куманово**
**Објавен: 23.02.2009, Дневник**

СТАТЕР БАНКА АД Куманово има потреба од прием 1(еден) извршител, за работно место Правен референт во Дирекција за правни работи, за работа во Куманово. Потребните документи се доставуваат на адреса: СТАТЕР БАНКА АД Куманово, Плоштад „Нова Југославија" бб, Дирекција за правни работи.

**Фирма: Герман Дравингс ДООЕЛ Скопје**
**Град: Скопје**
**Објавен: 24.02.2009, Дневник**

ГерманДравингс ДООЕЛ – Скопје, распишува конкурс за вработување на 5 илустратори на цртежи за ентериерно уредување на објекти од областа на архитектурата.
Адреса за аплицирање: jobmk@gmx.com или Вера Јоциќ бр.5 лок.1, 1000 Скопје, најдоцна до 02.03.2009 година.

**Фирма: Совет за Радиодифузија на Република Македонија**
**Град: Скпје**
**Објавен: 24.02.2009, Дневник**

Совет за Радиодифузија на Република Македонија објавува оглас за вработување на Соработник во Секторот за правни работи – Одделение за нормативни, управни и административни работи и постапки, 1 (еден) извршител. Адреса за аплицирање: Совет за Радиодифузија на Република Македонија, ул. „Маркс и Енгелс" бр.3, 1000 Скопје или во архивата на Советот . Огласот трае 5 дена од денот на објавувањето.

ОГЛАСНА ТАБЛА

**Фирма: ПроКредит Банка**
**Град: Скопје**
**Објавен: 24.02.2009, Дневник**

ПроКредит Банка вработува Одговорен за Регионална Соработка со Корпоративни Клиенти во Тетово.
Аплицирајте на адреса за аплицирање: Бул. Јане Сандански 109а, Сектор за човечки ресурси или пополнете ја апликационата форма на www.procreditbank.com.mk не подоцна од 02.03.2009година.

**Фирма: Македонски Телеком АД**
**Град: Скопје**
**Објавен: 19.02.2009, Дневник**

Т-Мобиле Македонија АД – Скопје има потреба од Специјалист за архитектура, проектирање и легализација.
Адреса за аплицирање:
vrabotuvanje@t-mobile.com.mk
Огласот е отворен до 05.03.2009г.

**Фирма: ИК БАНКА**
**Град: Скопје**
**Објавен: 25.02.2009, Дневник**

ИК БАНКА вработува: Соодветно квалификувано и искусно лице кое ќе обезбеди најдобри услуги за своите клиенти и ќе биде одговорно за континуираниот развој на банката, Референти за работа со население и платен промет, Референт за кредитирање, Ревизор во дирекција за внатрешна ревизија и Деловен секретар. Деталните информации се наведени во огласот објавен во Дневник на 25.02.2009г.

**Фирма: НОТ - HOT Construction Group**
**Град: Скопје**
**Објавен: 25.02.2009, Шпиц**

НОТ - HOT Construction Group објавува оглас за вработување на Градежен инженер или архитект, Сметководител, Чувар и 10 Градежни работници - Тесари, столари. Деталните информации се наведени во огласот објавен во Шпиц на 25.02.2009 година.

**Фирма: Луксор Акваматик ДОО**
**Град: Скопје**
**Објавен: 25.02.2009, Дневник**

Луксор Акваматик ДОО има потреба од бравар (1 раб.место) и Комерцијалист (1 раб.место). Деталните информации се наведени во огласот објавен во Дневник на 25.02.2009год. Огласот трае 5 дена од објавувањето.

**Фирма: Мебло Мак**
**Град: Скопје**
**Објавен: 25.02.2009, Утрински Весник**

Мебло Мак Скопје објавува оглас за вработување на еден хаусмајстор и еден хигиеничар. Деталните информации се наведени во огласот објавен во Утрински Весник на 25.02.2009год.

**Фирма: Бујото**
**Град: Скопје**
**Објавен: 25.02.2009, Вест**

Бујото има потреба од 5 (пет) архитекти. Деталните информации се наведени во огласот објавен во Вест на 25.02.2009год.

**Фирма: ЗИРАТ БАНКА АД**
**Град: Скопје**
**Објавен: 26.02.2009, Дневник**

Зират Банка АД Скопје објавува оглас за вработување за работно место ИТ Програмер.
Адреса за аплицирање: Ул. Железничка бр.8, 1000 Скопје, со назнака за оглас.
Огласот трае 7 дена од денот на објавата.

**Фирма: АБ Канал**
**Град: Скопје**
**Објавен: 26.02.2009, Вечер**

Националната и сателитска телевизија АБ Канал објавува конкурс за вработување на 29 нови работни места на следните позиции: Сниматели (камермани); Монтажери на нелинеарни монтажи; Светло; Видео миксери; Оператори на програма; графички оператори; Тон техничари и Новинари со над 3 год. работно искуство во телевизија.

**Фирма: НАЛКО СИСТЕМИ**
**Град: Куманово**
**Објавен: 26.02.2009, Дневник**

„НАЛКО СИСТЕМИ“ Скопје објавува оглас за вработување на Економски техничар – 1 извршител.
Адреса за аплицирање:
verica@nalco.com.mk

**Фирма:** ИБМ Млекара а.д.
**Град: Битола**
**Објавен: 26.02.2009, Дневник**

ИБМ Млекара Битола нуди одлична можност за вработување на маркетинг менаџер; Менаџер за клучни купувачи; Регионален менаџер за продажба и Унапредувач на продажба.
Адреса за аплицирање: vrabotuvanje@ibm.com.mk Огласот трае до 08.03.2009год.

**Фирма:** UNFPA
**Град: Скопје**
**Објавен: 19.02.2009, Дневник**

UNFPA, The United Nations population Fund advertises the following position for the needs of the UNFPA projects on Sexual and Reproductive Health and Domestic Violence: PROJECT MANAGER. Interested candidates should submit their on line, through the UNDP Web site www.undp.org.mk
The deadline for submission of application is 07.03.2009year.

www.vrabotuvanje.com.mk